СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

| |
|---|
| 0302-116-1/19 |
| Скопје, 25.11.2019 |

**До: Министерство за финансии**
**ул. Даме Груев бр.12, 1000 Скопје**

**За: Сектор за финансиски систем**

**Предмет: Мислење по Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам**

Почитувани,

Ви благодариме за досегашната соработка која ја оствaруваме и се надеваме дека ќе ја продлабочиме во иднина креирајќи законски решенија во интерес на сите засегнати страни.

Во оваа насока, а согласно објавениот Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Ве информираме дека спроведовме консултации со компаниите членови и Ви доставуваме мислење со предлог за дополнување и менување од аспект на приредувачите на игри на среќа кои се субјекти кои постапуваат по овој закон.

Предлагаме предлог законот **да се дополни со 2 (два) нови члена со кои ќе се интервенира во член 46 и член 53 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам и тоа:**

1. Во член 46, став 2 по зборот „Македонија„ се додаваат зборовите „во период од дваесет и четири часа„.

   - Потребата од интервенција во овој член од Законот се наметнува заради тоа што во постојниот текст на законот нема временски период за кој субјектите се обврзани да прават анализа на учесниците во играта на среќа во обложувалница, а немањето на временска рамка остава простор за различно толкување како од субјектите, така и од страна на надзорниот орган.

2. Во член 53, став 8 зборовите „на крајот на денот„ се заменуваат со зборовите „од први до петти во тековниот месец за претходниот месец„.

   - Потребата од интервенција во овој член од Законот се наметнува заради обемноста на податоците кои ги прибираат обложувалниците за учесниците во играта на среќа, а споредено со мрежата на објекти со кои располагаат обложувалниците и нивната дисперзираност на територијата на државата. Доколку се прифати овој предлог всушност ќе се изврши усогласување на оваа законска регулатива со регулативата од Законот за игрите на среќа и забавните игри и законите од областа на даночната политика во кои е предвидено дека приредувачите доставуваат месечни, а не дневни извештаи за нивното работење.

Понатаму, предлагаме **да се изврши интервенција во член 26, 27 и 28 и тоа:**

1. Во член 26 со кој се менува член 160 по став 9 се додава нов став 10 кој гласи:

- (10) Во случај кога прекршочната постапка е поведена кон правно лице кое е носител на лиценца за приредување на игри на среќа согласно Законот за игрите на среќа и